**Број 07-1479/11**
**Од 28.05.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Правилник за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко комуникациската опрема, Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци, Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти, Правилник за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите, Упатство за нажинот на водење евиденција за личните податоци кои се дадени на користење, Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општина Ѓорче Петров, Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци на Општина Ѓорче Петров**

Се објавуваат: Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Правилникот за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко комуникациската опрема, Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци, Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти, Правилникот за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите, Упатството за начинот на водење евиденција за личните податоци кои се дадени на користење, Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општина Ѓорче Петров, Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци на Општина Ѓорче Петров , што Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на Дваесетитретата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.05.2010 година.

**Број 08-1606/4**
**од 31.05.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 10, став 2, алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 38/09), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница, одржана на ден 28.05.2010 година, донесе

**П Л А Н**
**ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**I. Цел на планот**

Со овој План се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки што Општина Ѓорче Петров во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Општина Ѓорче Петров.

**II. Обработка на лични податоци**

Според својата систематизација и организациска поставеност во Општина Ѓорче Петров се врши обработка на следните лични податоци:

1. Сектор за финансирање, Буџет и Јавни набавки, и тоа:

    - Име и презиме;
    - Број на лична карта;
    - Матичен број;
    - Адреса;
    - Број на трансакциона сметка.

2. Сектор за нормативно –правни, општи работи, дејности од јавен интерес и работа со Совет, и тоа:

    - Име и презиме;
    - Број на лична карта;
    - Матичен број;
    - Адреса;
    - Број на трансакциска сметка;
    - Износ на месечни приходи;
    - Брачен статус;
    - Социјален статус.



**Член 5**

При повторното внесување – враќање на личните податоци во системот, задолжително и во електронска форма се врши евидентирање на корисниците кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторното враќање на личните податоци во информацискиот систем се врши од страна на корисниците врз основа на претходно издадено писмено овластување од страна на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров “.

**Број 07-1497/10** | **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 28.05.2010 година** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**С к о п ј е** | **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 10, став 2, алинеја 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен Весник на Република Македонија бр. 38/09), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница, одржана на ден 28.05.2010 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на пријавување, реакција и санирање на инциденти кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштитата на личните податоци кои се обработуваат во Општина Ѓорче Петров во својство на контролор.

**Член 2**

Секој корисник е должен веднаш да го пријави на администраторот на информацискиот систем секој инцидент што ќе настане во процесот на обработување на личните податоци.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член се врши во електронска форма, а доколку тоа не е возможно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- Време на настанување на инцидентот;
- Траење и престанок на инцидентот;
- Место во информацискиот систем каде се појавил инцидентот;
- Податок или проценка за обемот, односно опсегот на инцидентот;
- Име и презиме на корисникот кој го пријавил инцидентот;
- Име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

**Член 3**

По приемот на пријавата за инцидент, администраторот на информацискиот систем веднаш започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот, како и за тоа дали и кои мерки треба да се преземат за негово санирање и за спречување на негово повторување во иднина.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информацискиот систем е должен да преземе мерки кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од негово повторување.

**Член 4**

Доколку како последица на инцидент дојде до губење или бришење на дел или сите лични податоци содржани во информацискиот систем, истите ќе бидат повторно внесени – вратени во информацискиот систем, со користење на сигурносните копии кои што се чуваат кај контролорот.

Постапката од став 1 на овој член ќе се примени и доколку бришењето или губењето на дел или сите лични податоци содржани во информацискиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.



3. Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина, и тоа:

- Име и презиме;
- Имотен лист;
- Катастарски лист кој содржи лични податоци, но неговото издавање и обработка не е во надлежност на Општина Ѓорче Петров.

4. Одделение за човечки ресурси, и тоа:

- Име и презиме;
- Број на лична карта;
- Матичен број;
- Адреса;
- Број на трансакциона сметка;
- Износ на месечни приходи;
- Здравствена состојба на вработениот.

5. Одделение за инспекциски работи-Инспекторат, и тоа:

- Име и презиме;
- Број на лична карта;
- Матичен број;
- Адреса;

**III. Нивоа на технички и организациски мерки**

На сите документи во Општина Ѓорче Петров задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во три нивоа:

- основно ниво;
- средно ниво и
- високо ниво.

**IV. Документација за технички и организациски мерки**

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Ѓорче Петров се состои од следните механизми:

1. Донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;

2. Донесување на Правила за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко комуникациската опрема;

3. Донесување на Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;

4. Донесување на Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;

5. Донесување на Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите;

6. Донесување на Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општина Ѓорче Петров;

7. Донесување на Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци;

8. Донесување на Упатство за начинот на водење евиденција за личните податоци кои се дадени на користење.

Вработените и ангажираните лица во Општина Ѓорче Петров се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.

Одговорното лице за заштита на личните податоци во Општина Ѓорче Петров врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување на нови интерни акти или промена на старите од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на личните податоци.

**V. Периодични контроли**

Одговорното лице за заштита на личните податоци во Општина Ѓорче Петров најмалку еднаш месечно ги врши следните контроли и за тоа изготвува извештај:

- Контрола на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Контрола на евиденција за секој авторизиран/неавторизиран пристап до информацискиот систем;
- Контрола на доверливоста и сигурноста на лозинките и на останатите форми на идентификација;
- Контрола на начинот за пристап на вработените и ангажираните лица во Општина Ѓорче Петров до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронска пошта и други извори;
- Контрола на уништување на документи кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите;
- Контрола на начинот на управување со медиуми кои се носители на лични податоци;
- Контрола на примената на принципот *чисто биро*;
- Контрола на писмените овластувања издадени од страна на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории на Општина Ѓорче Петров;
- Контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци;



Во извештајот од став 4 на овој член треба да се содржани и податоците и фактите врз основа на кои е изготвено мислењето и се предложени мерките за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот од став 4 на овој член се анализира од страна на одговорното лице за заштита на личните податоци, кој доставува предлози до градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за преземање на потребните корективни или дополнителни мерки за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот од став 4 на овој член треба да биде достапен за увид на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “.

| | |
|---|---|
| **Број 07-1497/9** | **Совет на Општина Ѓорче Петров** |
| **Од 28.05.2010 година** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** |
| **С к о п ј е** | **Александар Стојкоски с.р.** |

Врз основа на механизмите наведени во став 1 на овој член се овозможува секој од корисниците да има авторизиран пристап само до личните податоци и информатичко – комуникациската опрема кои се неопходни за извршување на нивните задачи, како и се оневозможува пристап на корисниците до личните податоци и информатичко – комуникациската опрема со права различни од тие за кои се овластени корисниците.

При вршење на проверката врз основа на корисничко име и лозинка, контролорот секогаш ги применува воспоставените правила за заштита на нивната доверливост и интегритет при пријавување, доделување и чување на истите.

Администраторот на информациският систем е овластен да го доделува, менува или да го одзема авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко – комуникациската опрема само врз основа на работното место на секој од корисниците од што зависи и нивото на пристап на секој од корисниците до личните податоци што е задолжен да ги обработува.

**Член 13**

Заради евидентирање на медиумите кои се примаат за да се овозможи директна или индиректна идентификација на видот на медиумот кој е примен, информацискиот систем што се применува кај контролорот содржи систем во кој се евидентирани следните податоци за секој медиум кој е примен:

- Датум и време на примање;
- Испраќач;
- Број на примени медиуми;
- Вид на документот кој е снимен на медиумот;
- Начин на испраќање на медиумот и
- Име и презиме на лицето овластено за прием на медиумот.

Системот од став 1 на овој член се применува и за евидентирање на медиумите кои се испраќаат од страна на контролорот. Медиумите пред изнесување односно пред испраќање од страна на контролорот се предмет на посебни информатички мерки – скремблирање/криптирање, со што се обезбедува заштита од неовластено обработување на личните податоци што се снимени на ваквите медиуми.

**Член 14**

Контролорот задолжително врши тестирање на информацискиот систем пред неговото имплементирање или по извршените промени со цел да се провери дали системот обезбедува тајност и заштита на обработката на личните податоци согласно со донесената документација за технички и организациски мерки и прописите за заштита на личните податоци. Тестирањето се врши преку обработката на документи кои содржат имагинарни лични податоци од страна на независно трето лице.

**Член 15**

Информацискиот систем и информатичката структура на контролорот задожително подлежат на внатрешна и надворешна контрола, со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во донесената документација за технички и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Контролорот врши надворешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура на секои три години, а внатрешна контрола секоја година.

Надворешната контрола се врши преку обработка на документи од страна независно трето лице.

Во извештајот од извршената контрола од став 1 на овој член задолжително треба да има мислење за тоа во колкава мера постапките и упатствата содржани во донесената документација за технички и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци, да се наведени констатираните недостатоци, како и предложените неопходни корективни или дополнителни мерки за нивно отстранување.



- Контрола на начинот на пристап до целиот информациски систем преку персоналните компјутери;
- Контрола на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- Контрола на евиденцијата за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите и
- Контрола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во Општина Ѓорче Петров.

**VI. Завршна одредба**

Овој План влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1497/6**
**Од 28.05.2010 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 10, став 2, алинеја 3 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 38/09), Советот на Општина Ѓорче Петров

на 23-тата седница, одржана на ден 28.05.2010 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКАТА ОПРЕМА**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко коминикациската опрема што Општина Ѓорче Петров во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 2**

Секој корисник кој има пристап до личните податоци и до информатичко комуникациската опрема кај контролорот, ги има следните обврски и одговорности:

- Да ги применува сите правила и процедури воспоставени со донесените интерни акти од страна на контролорот за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Да ги применува сите мерки за физичка сигурност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на контролорот;
- Веднаш да ги пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание, било директно или индиректно, до кое корисникот ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци кај контролорот, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;
- Не смее да ги прекршува преземените обврски за доверливост, со кои се обврзува дека секој податок до кој ќе дојде во текот на работењето кај контролорот, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно Законот за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да го пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Да го применува принципот „чисто биро“ при обработката на личните податоци содржани во документите во хартиена форма;
- Не смее да превзема содржини од непознати, неавторизирани, непроверени, сомнителни или забранети интернет страници;
- Да ја чува доверливоста на својата лозинка;
- Не смее да врши неавторизирано пренесување и/или користење на интерни документи и делови од нив или друга комуникација надвор од Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Секој корисник е одговорен за соодветна примена на интерните акти кај контролорот со кои се уредува заштитата на личните податоци, како и е одговорен доколку, како последица на прекршување или непочитување на некои од воспоставените мерки, биде загрозена тајноста на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот, или пак доколку дојде до нивна злоупотреба.



**Член 11**

Контролорот воспоставува и применува мерки за физичка сигурност на информацискиот систем преку физичко обезбедување на работните простории и инфоматичко – комуникациската опрема каде што се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци.

Заради обезбедување на физичка сигурност, серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци се физички лоцирани, хостирани и администрирани од страна на контролорот.

Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите може да имаат само корисници кои имаат добиено писмено овластување од страна на контролорот во кое се образложени причините за нивниот пристап до просторијата.

Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата и личните податоци зачувани на серверите, тогаш тоа лице задолжително ќе биде придружувано и надгледувано од овластено лице од став 3 на овој член.

Просторијата во која се сместени серверите, контролорот ја заштитува од ризиците во опкружувањето преку примена на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетско зрачење.

**Член 12**

Контролорот води евиденција за корисниците кои имаат авторизиран пристап до информацискиот систем која содржи:

1. Име и презиме на корисникот;
2. Работната станица и корисничкото име за сите корисници кога пристапуваат до информацискиот систем, заедно со нивото на авторизиран пристап за секој корисник, датумот и времето на пристапување, како и лични податоци кон кои е пристапено;
3. Видот на пристапот со операциите кои се преземени при обработка на податоците;
4. Запис за авторизација за секое пристапување;
5. Запис за секој неавторизиран пристап;
6. Запис за автоматизирано отфрлање од информацискиот систем и
7. Идентификување на информацискиот систем од кој се врши надворешен обид за пристап во оперативните функции или личните податоци без потребното ниво на авторизација.

Евиденцијата од став 1 на овој член се чува најмалку десет години.

Одговорно лице за заштита на личните податоци врши периодична проверка на податоците од став 1 на овој член, најмалку еднаш месечно и изготвува извештај за извршената проверка и за констатираните неправилности.

Врз основа на механизмите наведени во став 1 на овој член, контролорот е во можност да врши идентификација и проверка на авторизираниот пристап, односно контрола на пристапот до личните податоци и информатичко – комуникациската опрема од страна на корисниците, со обезбеден постојан увид во моменталниот и минатиот пристап и преземени операции во информацискиот систем од страна на сите корисници.

4. автоматизирана промена на лозинката по изминат утврден временски период што не може да биде подолг од 60 дена, при што се чуваат заштитени со соодветни методи, така што нема да бидат разбирливи додека се валидни;
5. автоматизирано одјавување од информацискиот систем по изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути), по што за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;
6. автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на корисникот дека треба да се побара инструкција од администраторот на информацискиот систем;
7. инсталирана хардверска и софтверска заштитна мрежна бариера ("firewall") помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
8. инсталирана ефективна и сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
9. инсталирана ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови и
10. приклучување на информацискиот систем (компјутери и сервери) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

**Член 9**

Контролорот обезбедува организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци, во однос на информирањето на корисниците, физичката заштита на работните простории и опремата и заштита на информацискиот систем како целина, вклучувајќи го и собирањето, обработувањето и чувањето на податоците.

За спроведување на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, како и за следење на прописите за заштита на личните податоци од страна на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров се определува администратор на информацискиот систем.

**Член 10**

Контролорот при автоматизираната обработка на личните податоци ги применува следните организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци:

1. ограничен пристап, односно идентификација за пристап до личните податоци, преку целосна доверливост и сигурност на лозинките и на останатите форми на идентификација;
2. воспоставување и примена на организациски правила за пристап на корисниците до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронската пошта и други извори;
3. бришење или уништување на документи по истекување на рокот на нивно чување согласно прописите за архивска граѓа;
4. издавање на писмено овластување при секое изнесување на било кој медиум кој е носител на лични податоци (преносен компјутер, мемори стик, CD-диск, флопи дискета, преносен тврд диск и слично) надвор од работните простории со цел да не дојде до нивно губење или незаконско користење;
5. воспоставување и примена на мерки за физичка сигурност на работните простории и инфоматичко – комуникациската опрема каде што се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци;
6. почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на информатичко – комуникациската опрема на која се обработуваат лични податоци.



Под загрозување на тајноста на личните податоци се подразбира случајно или намерно постапување, непостапување или пропуштање од страна на корисниците, како резултат на што се создаваат услови или можност да дојде до злоупотреба на личните податоци што се обработуваат кај Контролорот.

**Член 4**

Во случај на било какво прекршување, или непочитување на било кој пропис или интерен акт од страна на корисникот, контролорот задолжително спроведува постапка за испитување на причините, начинот и последиците од таквото прекршување, односно непочитување, заради спречување на настанување на слично прекршување или непочитување во иднина.

Во случаите од став 1 на овој член, конторолорот спроведува и постапка за утврдување на одговорноста на корисникот согласно закон.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".

| | |
|---|---|
| **Број 07-1497/7** | **Совет на Општина Ѓорче Петров** |
| **28.05.2010 година** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** |
| **С к о п ј е** | **Александар Стојкоски с.р.** |

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 10, став 2, алинеја 5 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 38/09), Советот на Општина Ѓорче Петров на 23-тата седница, одржана на ден 28.05.2010 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци кои се обработуваат во Општина Ѓорче Петров во својство на контролор.

**Член 2**

Контролорот задолжително врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во информацискиот систем за да се спречи нивно губење или уништување.

За правење на сигурносна копија од став 1 на овој член, контролорот располага со сервер за поддршка (Back-up server) во кој секој работен ден се меморираат внесените податоци така што, во случај на пад на информацискиот систем, или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани во серверот за поддршка.

**Член 3**

Заради заштита од неовластен пристап, серверот за поддршка кој претставува сигурносна копија на сите снимени податоци е сместен во безбедна просторија заштитена со сигурносна брава до која имаат пристап само овластени лица од контролорот.

**Член 4**

Контролорот задолжително прави дополнителна сигурносна копија на податоците од серверот за поддршка на медиум, на крајот од работната недела и секој последен работен ден во месецот.

Направената сигурносна копија од став 1 на овој член, подлежи на физичка и криптографска заштита, со што се оневозможува каква било модификација на содржината на истата.

По извршеното копирање на личните податоци содржани во електронските документи, сигурносната копија се носи на друга оддалечена безбедна локација која се наоѓа надвор од работните простории на контролорот.

Пристап до оддалечената безбедна локација каде се чува медиумот имаат само овластени лица од контролорот, при што медиумот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и кој е обезбеден од физички влијанија (кражба, пожар, поплава и други влијанија).

Обезбедувањето на безбедната локација од став 3 на овој член го врши Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на корисникот кој е овластен за извршување на операциите за повторно враќање на податоците,



примената на прописите за заштита на личните податоци и на донесената документација за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци од контролорот.

## II. ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ

**Член 5**

Контролорот овластува едно или повеќе лица за заштита на личните податоци кои ќе бидат одговорни за координација и контрола на постапките и упатствата утврдени во донесената документација за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци (во натамошниот текст: одговорно лице за заштита на личните податоци).

**Член 6**

Корисникот кој ги врши работите за човечки ресурси кај контролорот ќе го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето по друг основ на секој корисник со право на пристап до информацискиот систем, заради доделување корисничко име и лозинка, како и во случај на престанок на вработувањето, заради бришење на корисничкото име и лозинката, односно исклучување за натамошен пристап.

Соодветно известување ќе се врши и при било кои други промени во работниот или статусот на ангажирањето на корисникот, доколку таквите промени имаат влијание врз нивото или обемот на дозволениот пристап до збирките на лични податоци преку информацискиот систем.

**Член 7**

Корисниците пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со донесената документација за технички и органзациски мерки.

За корисниците кои склучуваат договор за вработување, задолжително нивниот договор содржи одредби за обврските и одговорностите за заштита на личните податоци.

Контролорот пред непосредното започнување со работа на корисниците, дополнително ги информира за нивните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

Корисниците пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци која содржи: дека лицата ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци, ќе вршат обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот, освен ако со закон поинаку не е уредено и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита. Изјавата задолжително се чува во досиејата на корисниците.

Изјавата од став 4 на овој член претставува составен дел на овој правилник (Образец 1).

**Член 8**

Контролорот врши автоматизирана обработка на личните податоци со примена на технички мерки за обезбедување тајност и заштита и тоа:

1. единствено корисничко име;
2. лозинка креирана од секој корисник, која е составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (најмалку една голема буква) и специјални знаци;
3. корисничко име и лозинка која овозможува пристап на корисникот до информацискиот систем во целина, како и до поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на неговите работни задачи;

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 10, став 2, алинеја 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен Весник на Република Македонија бр. 38/09), Советот на Општина Ѓорче Петров

на 23-тата седница, одржана на ден 28.05.2010 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат техничките и организациските мерки што Општина Ѓорче Петров во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 2**

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1. Администратор на информацискиот систем е лице овластено за планирање и за применување на технички и организациски мерки, како и за контрола на обезбедувањето тајност и заштита на обработката на личните податоци.

2. Авторизиран пристап е овластување доделено на корисникот за обработка на личните податоци, за користење на одредена информатичко комуникациска опрема или за пристап до одредени работни простории на контролорот.

3. Документ е секој запис кој содржи лични податоци и истиот може да биде во електронска или хартиена форма, да се чува на медиум и во информатичко комуникациска опрема која се користи за обработка на податоците, да се доставува преку пошта или да се пренесува преку телекомуникациска мрежа.

3. Корисник е физичко лице вработено или ангажирано кај контролорот кое има авторизиран пристап до документите и до информатичко комуникациската опрема.

**Член 3**

Техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци кај контролорот се класифицираат во три нивоа:

- основно ниво;
- средно ниво и
- високо ниво.

**Член 4**

За обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, со правното лице кое го одржува информацискиот систем, Општината Ѓорче Петров задолжително склучува писмен договор за регулирање на неговите обврски и одговорности во однос на



датумот на враќањето на податоците, категориите на податоците кои се вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “.

| | |
|---|---|
| **Број 07-1497/8** | **Совет на Општина Ѓорче Петров** |
| **Од 28.05.2010 година** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** |
| **С к о п ј е** | **Александар Стојкоски с.р.** |